Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 31.12.2020

На 30.12.2020 околу 19.30 часот на ул.„Љубо Божиновски-Пиш" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Ф.М.(27) од Тетово, затоа што кај него бил пронајден кокаин. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2020 во 22.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба привеле 17-годишник од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2020 околу 17.30 часот во близина на Градскиот стадион во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Д.А.(21) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 30.12.2020 во 15.30 часот, полициски службеници од ОВР Пробиштип го лишиле од слобода Д.И.(35) од с.Злетово, поради сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Полициски службеници, врз основа на судска наредба, извршиле претрес во неговиот дом во Злетово, при што пронашле и одзеле марихуана. По целосно документирање на случајот, против Д.И. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 30.12.2020 околу 22.30 часот во тетовско Горно Селарце, Д.С.(20) од ова село, кој управувал патничко возило „фолксваген голф", со тетовски регистарски ознаки, не застанал на наредба од полициски службеници на СВР Тетово, продолжил со движење по регионалниот пат Брвеница-Радиовце и од прозорецот на возилото фрлил марихуана. По документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 30.12.2020 на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за откривање на прекршок неправилно престигнување и обиколување. Во акциската контрола биле констатани 107 прекршоци, од кои 16 по акциската контрола и 91 останати прекршоци, кои се соодветно санкционирани.

На 30.12.2020 во 13.25 часот било пријавено дека на бул.„1 Мај" во Битола, патничко возило „бмв 525", со битолски регистарски ознаки, управувано од Ф.М.(63) од с.Рамна, удрило во паркирано патничко возило „мицубиши", со битолски регистарски ознаки. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Битола.

На 30.12.2020 на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за откривање на возачи кои управуваат моторни возила под дејство на алкохол. Во акциската контрола биле констатани 48 прекршоци, од кои два по акциската контрола и 46 останати прекршоци, кои се соодветно санкционирани.

На 30.12.2020 во 19.25 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", при извршена проверка било констатирано дека 15 - годишник од Скопје се наоѓа во оперативните евиденции со мерка „апси", по наредба од Основен кривичен суд Скопје. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 30.12.2020 во 16.30 часот на Граничниот премин „Кафасан", по извршена проверка било констатирано дека М.Ф.(36) од Република Албанија се наоѓа во оперативните евиденции со мерка „апси", по барање на Интерпол Австрија. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

На 30.12.2020 во 15.20 часот било пријавено дека на крстосницата од ул.„Пајко Маало" и сервисна улица која води кон Национална универзитетска библиотека во Скопје, патничко возило „даеву ланос", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ж.Ѓ.(52) од Скопје, удрило во велосипед, управуван од М.Ј.(60) од Скопје. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 30.12.2020 во 17.30 часот на Граничниот премин „Јажинце", по извршена проверка, во врска со сторено кривично дело „убиство во обид" по чен 123 во врска со чен 19 од Кривичниот законик врз Б.П., сопственик на угостителски објект во Дебар, од слобода биле лишени А.С.(39) од Дебар, со место на живеење во Р.Косово и У.Д.(68) од с.Јажинце, тетовско. ОВР Дебар работи на целосно расчистување на случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2020 во 16.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје, при извршена пасошка контрола и проверка било констатирано дека Е.Б.(36) од с.Стримница, општина Желино, се наоѓа во оперативните евиденции со мерка „апси", по барање на Одделение за потраги. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 30.12.2020 во 11.30 часот во Полициската станица Центар, Н.Т.(18) од Скопје пријавила дека на кеј „13 Ноември" била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино поднесе кривична пријава против Ѓ.П. (19) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 01.12.2020, откако му било одредена изолација во домашни услови, Ѓ.П. во спортска облоѕувалница во Неготино извршил уплата со физичко присуство.

СВР Штип поднесе кривична пријава против В.С.(39) од с.Крупиште, штипско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 12.11.2020, полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом и покрај тоа што имал решение за изолација.

На 31.12.2020 во 02.00 часот, полициски службеник од Полициско одделение Петровец пријавил дека на ул,1" во с.Ржаничино, скопско, настанал пожар во нива со бали сено и слама, сопственост на М.З.(78) од с.Ржаничино. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје.

На 31.12.2020 во 00.30 часот било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Л.Д.(46) и И.С.(21), двајцата од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од ЗППЈРМ.

На 30.12.2020 во 22.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Кирил и Методиј" настанал пожар во движење на патничко возило „алфа ромео", со скопски регистарски ознаки, сопственост на К.С.(34) од с.Марино, скопско. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје.

На 30.12.2020 во 19.50 часот, Б.К.(27) од Скопје пријавил дека во Градскиот парк бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

ОВР Свети Николе поднесе кривична пријава против С.А.(43) с.Преод, светиниколско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 04.05.2020 полициски службеници извршиле преглед во домот на пријавениот во с.Преод, при што пронашле и одзеле хероин и предмети со траги од хероин.

На 30.12.2020 во 20.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" едно лице со закана да вработената одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Свети Николе поднесе кривична пријава против И.С.(42) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и против Д.Т.(25), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 18.08.2020, И.С. му продал хероин на Д.Т., а истиот ден полициски службеници извршиле претрес во домот на Д.Т., каде бил затекнат А.Ј., при што кај нив бил пронајден хероинот.

На 30.12.2020 во 16.20 часот, Р.С.(25) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил физички нападнат од С.Н.(24) од Скопје. Сочинет записник за констатиран прекршок по член 12 од ЗППЈРМ.

На 30.12.2020 во 18.24 часот, В.Б.(19) од Прилеп пријавила дека на подрачјето на Аеродром била физички нападната од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крушево поднесе кривична пријава против А.И.(31) од с.Норово, крушевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 31.07.2020, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „бмв", управувано од А.И., при што бил пронајден и одземен сигнален пиштол „EKOL MAJOR" калибар 9мм., за кој не поседувал соодветна документација.

На 30.12.2020 во 19.00 часот во Полициската станица Чаир, А.А.(60) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот син А.А.(31) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаѓање на лицето.

На 30.12.2020 во 14.00 часот, К.П.(24) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Ѓорче Петров била физички нападната од М.П.(29) од Скопје. Сочинет записник за констатиран прекршок по член 12 од ЗППЈРМ.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.Д.(30) од с.Неготино, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 25.11.2020 во 14.20 часот полициски службеници од ПО Галате извршиле контрола во угостителски објект на пријавениот и констатирале дека се одржува свадба - свадба, каде биле затекнати повеќе лица, со што не биле почитувани мерките за заштита од ковид-19.

На 30.12.2020 во 17.30 часот, А.И.(26) од Скопје пријавил дека во с.Волково, по претходна расправија бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 31.12.2020 во 00.30 часот во Полициската станица Чаир, Е.Ф.(39) од Скопје пријавил дека од дома се оддалечил неговиот син А.Ф.(17). Се преземаат мерки за пронаѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против З.И.(38) од с. Врапчиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 13.11.2020 во 22.45 часот, полициски службеници од ПО Галате извршиле контрола во угостителски објект на пријавениот и констатирале дека работи по дозволеното работно време.

На 30.12.2020 во 14.30 часот во ОВР Гевгелија, 40-годишен маж од с.Градско пријавил дека на 23/24.12.2020 во Гевгелија Ѓ.Х.(18) од Гевгелија извршил обљуба врз неговата ќерка. За настанот бил известен Јавен обвинител. Ѓ.Х. бил приведен и задржан за понатамошна постапка, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по членот 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет